„Заеднички јазик во училиште“
Достапна верзија на МКФ (ДМ) на јазик разбирлив за семејството

Проект во рамките на програмата „Еразмус+“ за имплементирање на МКФ - Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (СЗО, 2001) во училиштата.

www.icf-school.eu

2. Билтен бр.2

## Што?

Конзорциумот на проектот „Заеднички јазик во училиште“ Ве информира дека првата верзија на МКФ (ДМ) на јазик разбирлив за семејството е достапна во Република Северна Македонија. Преведената верзија на МКФ (ДМ) на еден секојдневен јазик разбирлив за семејството, чијшто текст беше научно валидиран во рамките на проектот, е бесплатно достапна на следниов линк: https://www.icf-school.eu/images/outputs/o2/icf_brochure_mk.pdf

Целта на создадената „Верзија на МКФ на јазик разбирлив за семејството“ беше да го преведе комплексниот јазик на МКФ на еден секојдневен јазик, разбирлив за семејството, и со тоа да се овозможи нејзина заедничка употреба во „тимот околу семејството“.

На пример:
Опис на кодот според оригиналната верзија на МКФ:
b134 Функции на спиењето
*Општи ментални функции на периодочна, реверзибилна и ментална неангажираност во непосредната околина, придружено со карактеристични физиолошки промени.*

Опис на кодот според новата верзија на МКФ на јазик разбирлив за семејството:
b134 Спиење
*Кога спие, моето дете не е во контакт со неговата околина. По спиењето, моето дете е повторно будно. Состојбата на будност и состојбата на сон редовно се менуваат кај моето дете. Кога спие моето дете, неговите очи се затворени. Можно е моето дете да сонува додека спие.*

## Како можете да учествувате во проектот?

Доколку Вашето училиште, Вашите ученици, Вашите партнери на училиштето, претставници на родителите и старателите, училишните психолози или членови на училишната управа сакаат да учествуваат во проектот, на пример во контекст на тестирање и пилотирање на продуктите, Ве молиме да ги контактирате:

**проф. д-р Манфред Претис**
**office@sinn-evaluation.at**

**м-р Розита Петринска-Лабудовиќ**
**contact@educationforall.org.mk**

Кофинансирано од Програмата на Европската унија Еразмус+

Овој проект е финансиран со поддршка на Европската комисија. Оваа публикација ги одразува само ставовите на авторите и Комисијата не може да се смета за одговорна за било каква употреба што може да биде направена од информациите што се содржат во истата.